**И З В Р Ш И Т Е Л**
**Николче Диневски**
**именуван за подрачјето на**
**Основен суд**
**Битола и Ресен**
**ул. Д.Т.Ц. Шехерезада мезанин лок.** 7
**тел. 047 230-040**

**Образец бр.66**

**И.бр.182/2026**

Извршителот **Николче Диневски** од **Битола** врз основа на барањето за спроведување на извршување од доверителот (предлагачот) **Бенита Елмази - Адеми** од Скопје со живеалиште на ул.Кичевска бр.15, Скопје-Ѓорче Петров**, заст. од адв.Горјан Бошевски од Битола,** засновано на извршната исправа ВПП1-43/24 од 04.12.2024 на Основен суд Битола, против должникот (противникот) **Виктор Елмазовски** од Битола со живеалиште на ул.Стив Наумов бр.32, за спроведување на непарично извршување – физичка делба на недвижен имот, на ден 16.03.2026 го донесува следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА УСНА ЈАВНА ПРОДАЖБА**
**(врз основа на членовите 179 став (1), 181 став (1) и 182 став (1) од Законот за извршување)**

СЕ ОПРЕДЕЛУВА продажба со усно јавно наддавање на недвижниот имот запишан во **Имотен лист бр.90318 за КО Битола 3**, адреса Стив Наумов бр.32, застроен на КП 13344 и тоа: стан бр.1, намена на зграда А1, влез 1, кат ПР, број 1, намена СТ, со внатрешна површина 78 м$^2$, во сосопственост на доверителот (предлагачот) **Бенита Елмази - Адеми** со дел на посед 3/4 и должникот (противникот) **Виктор Елмазовски** со дел на посед 1/4.

Продажбата ќе се одржи **на ден 02.04.2026 година во 11:00 часот** во просториите на Извршител Николче Диневски – ДТЦ Шехерезада мезанин локал 7 во Битола.

Почетната вредност на недвижноста, утврдена со заклучок на извршителот И.бр.182/2026 од 06.03.2026 година, изнесува **3.071.858,00 денари**, под која недвижноста не може да се продаде на првото јавно наддавање.

Недвижноста е оптоварена со следните товари и службености: нема. Должникот кој како сопственик домува во продадената семејна станбена зграда или стан, не го задржува правото да домува тука и е должен зградата, односно станот да ги испразни во рок од 30 дена од денот на доставување на Заклучокот за предавање во владение на недвижноста, а ако тоа не го стори, извршителот на предлог од купувачот присилно ќе го изврши испразнувањето на зградата односно станот.

На јавното наддавање можат да учествуваат само лица кои претходно положиле гаранција која изнесува 1/10 (една десеттина) од утврдената вредност на недвижноста.

Уплатата на паричните средства на име гаранција се врши на жиро сметката од извршителот со бр. 500000001024444 која се води кај АЛТА Банка АД Битола и даночен број МК5002007113600.

На понудувачите чија понуда не е прифатена, гаранцијата им се враќа веднаш по заклучувањето на јавното наддавање.

Најповолниот понудувач - купувач на недвижноста е должен да ја положи вкупната цена на недвижноста, во рок од 15 дена од денот на продажбата, во спротивно ќе се определи нова продажба, а средствата од положената гаранција се сметаат за наплатени средства во извршувањето.

Овој заклучок ќе се објави во следните средства за јавно информирање Нова Македонија и електронски на веб страницата на Комората .

Заклучокот ќе се достави до странките, заложните доверители, до учесниците во постапката, до лицата кои имаат запишано или законско право на првенство на купување и до надлежниот орган на управата.

И З В Р Ш И Т Е Л
Николче Диневски

Д.-на: Должникот (противник), доверител (предлагач), Општина Битола

**Правна поука**: Против овој заклучок може да се поднесе приговор до Основниот суд Битола согласно одредбите на член 86 од Законот за извршување.